**20191241759**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јуни 2019 година.

Бр. 08-3487/1
12 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ**

Член 1

Во Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија” број 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 98/19), во член 9 став 1 алинеја 3 по процентот „5%” сврзникот „и” се заменува со сврзникот „или”.

Член 2

Во член 10 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„-кои вршат дејност од областа на примарно земјоделство, шумарство и рибарство, освен преработувачки дејности во земјоделството, шумарството и рибарството кои не користат субвенции,“.

Алинејата 3 се брише.

Член 3

Членот 14 се менува и гласи:

„(1) Видови на финансиска поддршка за инвестиции се:

а) Поддршка за нови вработувања;

б) Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија;

в) Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување;

г) Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес;
д) Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и
ѓ) Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.
(2) Видови на финансиска поддршка за конкурентност се:
а) Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот;
б) Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.
(3) Деловниот субјект може да поднесе барање за склучување на договор за финансиска поддршка за повеќе видови на финансиска поддршка за инвестиции од ставовите (1) и (2) на овој член.”.

Член 4

Во член 25 став 1 по зборот „опрема” сврзникот „или” се заменува со зборовите: „и/или”.

Во ставот 2 по зборот „исплатата” се става точка, а зборот „вкупно” се брише.

Член 5

Во член 40-а став 2 зборовите: „најдоцна во рок од една година од денот на склучување на договорот за финансиска поддршка на инвестициите“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 август во тековната година до надлежните органи од членот 36 ставови (2) и (3) од овој закон“.

Ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Во ставот (8) кој станува став (7) бројот „7“ се заменува со бројот „6“, а по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „не подоцна од 15 октомври во тековната година“.

Член 6

Во член 43 став 1 зборовите: „31 октомври” се заменуваат со зборовите: „15 ноември”.

Во став 2 по зборот „корисникот” се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 7

Во член 43-а зборовите: „30 септември” се заменуваат со зборовите: „15 октомври”, а зборовите: „31 октомври” се заменуваат со зборовите: „15 ноември”.

Член 8

Во член 32 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), зборовите: „во рок од 60 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.“ се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 август 2019 година“.

Во став (4) по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „најдоцна до 15 октомври 2019 година“.

Во став (5) зборовите: „постапат во рокот утврден во ставот (1) на овој член“ се заменуваат со зборовите: „склучат Анекс согласно со ставот (4) на овој член.”.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.